Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 04.03.2021

На 03.03.2021 во 20.00 часот во Градски парк во Скопје при продажба на марихуана се приведени три лица, улични дилери. При извршен претрес кај лицата А.Р.(23), А.О.(21) и 17 годишен малолетник, еден од Скопје пронајдена е поголема количина на марихуана како и една дробилица. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од КЗ "Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори".

На 03.03.2021 во 13.30 часот во Полициската станица Центар бил приведен Х.М.(31) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2021 во 19.15 часот во Полициската станица Центар од слобода бил лишен В.Д.(26) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2021 во с.Матка, скопско, полициски службеници од СВР Скопје извршиле претрес во домот каде живее 17 - годишно лице, при што пронашле две ваги со остатоци од марихуана и марихуана. Малолетникот бил лишен од слобода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2021 во 00.20 часот во Полициската станица Карпош од слобода бил лишен В.Ц.(23) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.30.2021 во 11.15 часот во СВР Велес било приведено дека на место викано „Старо лоје", атар на село Ваниочани, општина Градско, била пронајдена една артилериска граната. Извршен е увид на местото на настанот, а од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната.

На 03.03.2021 во 23.40 часот, полициски службеници ги лишиле од слобода И.Ѓ.(30) од село Мрзенци, гевгелиско и Л.Б.(23) од Гевгелија затоа што околу 19.50 часот на Автопатот А1 - клучка Миравци, И.Ѓ. не застанал на даден знак за запирање и со своето патничко моторно возило „волксваген туарег" со гевгелиски регистарски ознаки, во кое бил и Л.Б. и го напуштил местото. Подоцна, неговото возило било забележано на стариот пат Демир Капија - Неготино, каде во обид да сврти удрил во службеното возило „дачија" и го оштетил. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Песа) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, бине откриени 19 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 03.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Одделението за внатрешни работи Гевгелија била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, бине откриени 7 прекршоци за кои на возачите им биле изречени соодветни санкции.

На 03.03.2021 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на поширокото гостиварско подрачје, односно на автопатот Гостивар-Тетово, во близина на Дебрешки напатнатик, спроведена е локална акциска контрола за брзина со која се движат возилата надвор од населено место. Притоа, бине откриени и законски санкционирани вкупно 30 прекршоци. Во рамките на вчерашните контролни активности спроведени од тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај, на пошироката тетовско подрачје бине откриени и санкционирани и девет лица кои си управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, на возраст од 17 до 43 години. Ним и на другите прекршители изготвени им се поднесоци и тие ќе се соочат со законски предвидените санкции.

На 03.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, бине регистрирани 12 прекршоци.

На 03.03.2021 во 21.15 часот на патот во село Долни Дисан, неготинско, Д.Р.(33) од село Долни Дисан, управувајќи мотоцикл „Хамачи" без регистарски ознаки, удрил во објект - колонијална продавница. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Кавадарци. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 03.03.2021 во 13.05 часот во Полициската станица Центар, Л.Х.(64) од Скопје пријавила дека на улица „Рилски конгрес" во Скопје била касната од куче скитник.

На 03.03.2021 во 17.25 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Ј.(43) од Скопје пријавила дека на булевар „Србија" во Скопје била касната од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Битола до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривични пријави против З.Л.(67) од Битола, поранешен в.д. медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница Битола, заради постоење на основи на сомнение дека пријавениот сторил две кривични дела по член 353 од КЗ на РСМ "Злоупотреба на службената положба и овластување" и против лицето Ј.Ј.(63) од Битола. управител на правно лице од Битола и втора правно лице од Битола заради постоење на основи на сомнение дека второ и трето пријавените превзеле дејствија опишани кривично дело "Фалсификување исправа" по член 378 став 1 и став 4 од КЗ на РСМ. Превпријавениот во својство на службено лице на 15.08.2018 година, потпишал Спогодба за деловна техничка соработка со ФК Пелистер АД Битола за давање на повратни парични средства, без претходна одлука на Управен орган, по што на сметката на ФК Пелистер бине префрлени средства во износ од 600.000 денари, оштетувајќи ја Клиничка болница Битола за наведениот износ.
Превпријавениот, исто така на 07.04.2020 годинадобрил исплата на парични средства кон правно лице спротивно на договорите за јавни набавки во вкупен износ од 292.816 денари, со што ја надминал вкупната вредност на набавката спротивно на Договорот.
Второпријавениот како одговорно лице во правно лице, изготвил лажни фактури, со цел лажно прикажување на состојба дека извршил угостителски услуги,ставил свој потпис и печат од правното лице чиј управител е и покрај фактот што знаел дека угостителските услуги се извршени од неколку други субјекти во Битола.

Секторот за внатрешни работи Битола до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе две кривични пријави, една против Н.И.(50) од Битола, раководител-директор за економско финансиско работење во ЗУ Клиничка болница Битола, поради основано сомнение за сторено кривично дело казниво по член 353 од КЗ на РСМ "Злоупотреба на службената положба и овластување" . Пријавената во својство на службено лице по барање на тогашниот директор на Клиничка болница Битола, З.Л.(67) на 22.01.2020 година изготвила налог и извршила исплата на надомест за неискористен одмор во висина од 162.762 денари, без содветна одлука на Управен одбор.
Исто така, поднесена е кривична пријава против Р.Б.(52) од Битола, вработена како главна медицинска сестра во ЗУ Клиничка болница Битола и Н.И.(50) од Битола, Раководител - Директор за економско финансиско работење во ЗУ Клиничка болница Битола, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело казниво по член 353 од КЗ на РСМ "Злоупотреба на службената положба и овластување". Пријавените, во периодот од 2018-2020 година, без одлуки на Управен одбор, реализирале повеќе случајни патувања во странство, за што од сметката на ЗУ Клиничка болница Битола за сместување, превоз и дневници бине исплатени 654.388 денари.

На 03.03.2021 околу 17.00 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Х.Б.(22) од Охрид затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.Б.(46) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавената, во текот на 2020 година на катарстарска парцела во струшко село Радожда, без соодветно одобрение изградила викенд куќа. Од извршениот инспекциски надзор донесено е решение со кое на инвеститорот и се наложува да ја отстрани изградената куќа.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Е.А.(25) од Кичево и против М.Ј.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба". Пријавените, на 08.02.2021 насилно влегле во домот на Р.С.(72) од Кичево, физички ја нападнале и и одзеле накит.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против З.А.А.(41) од селото Присојница, општина Маврово Ростуше, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". При извршена сообраќајна контрола на 13.12.2020, пријавениот на полициските службеници им покажал итајанска возачка дозвола на која, по тресемени мерки било утврдено дека се направени нелегални исправки.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе кривична пријава против Д.К.(40) од Куманово – полициски службеник во Полициската станица Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на службата". На 14.12.2020, пријавениот во својство на полициски службеник при вршењето на службата физички го малтретирал И.П. од Куманово при што му нанел телесни повреди.Против полицискиот службеник е поведена и постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Регионалниот центар за гранични работи Северо Југоисточен ги приведе кривични пријави против Б.Ф.(44), Б.Ф.(43), В.Ф.(37), А.Ф. (37), К.А.(23) - македонски државјани, против Е.К.(42), Д.О.(40), Т.Е(32), Ј.Ј.(53) и Ј.Х.(48) - турски државјани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Во периодот од 25.02.2021 до 01.03.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје, на излез од Р. Северна Македонија, пријавените приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

На 03.03.2021 во 12.46 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во казино на бул.„Партизански одреди" има починато повозрасно лице. Од страна на Итна медицинска помош била констатирана смрт без траги на насилство. Извршен бил увид на место и бил известен Јавен обвинител и по негова наредба телото на починатото лице било пренесено во капела Бутел.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Н.(30) од село Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.02.2020 на регионалниот пат село Чегране - село Вковиќа, гостиварско, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против 17 годишно лице од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.05.2020 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот , при што пронашле и одзеле марихуана. Подоцна, во неговиот дом бил извршен претрес, при што пронашле и одзеле нож и марихуана.
На 03.03.2021 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Герника" три лица со тврд предмет ја оштетиле влезната врата и прозорците од куќата на М.С.(43), по што оштетите и патничко возило „бмв", кое било паркирано во двор. Според пријавеното, лицата физички нападнале и малолетник. На 04.03.2021 во 02.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Герника" три лица со остри и метални предмети ја скршиле влезната врата од куќата на М.С.(43) и влегле внатре. Според пријавеното, во тој момент во дворот дошол Р.С.(56) со неговиот внук и бине нападнати од лицата. Се преземаат мерки за расчитување на случајте.